2025

ЈРП Македонска
Радиотелевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.10 - 31.12.2025 ГОДИНА

IV Квартал

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ........ 3
ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 01.10-31.12. 2025 ГОДИНА ........ 3
ПРИХОДИ ........ 4
ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2025 ГОДИНА ........ 5
ТРОШОЦИ - РАСХОДИ ........ 5
ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2025 ГОДИНА ........ 6
Трошоци за вработените ........ 6
Патни и транспортни трошоци ........ 7
Заеднички трошоци ........ 8
Програмски права ........ 9
Останати трошоци од работење ........ 10
Инвестиции ........ 11
АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2025 ГОДИНА ........ 11
Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2025г. ........ 16
СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА ........ 16
РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2025 ГОДИНА ........ 16
Побарувања од купувачите во земјата ........ 17
Побарувања од купувачите во странство ........ 17
РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА ........ 18
СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА ........ 19

## ВОВЕД

Македонската Радиотелевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во четвртото тримесечје од 2025 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 241.313.189 денари и расходи во износ од 361.225.072 денари при што е остварен негативен финансиски резултат во износ од 119.911.883 денари. Во овој контекст значајно е да се нагласи дека во последниот квартал од годината а врз основ на Ребаланс на Буџетот на РСМ за 2025 година, средствата за финансирање на радиодифузна дејност беа намалени и тоа за 80.000.000 денари, што пак беше основна причина финансикото работење во последниот квартал од годината да биде завршено со негативен финансиски резултат.

***ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10м. до 12 м. 2025 година***

| ОПИС | Остварување 01.10-31.12.2023г. | | Финансиски план 2024г. | | Остварување 01.10-31.12.2024г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **522,729,140** | **100.0** | **1,331,864,000** | **100.0** | **241,313,189** | **100.0** | **46.2** | **18.1** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **421,231,433** | **80.6** | **1,314,736,000** | **98.7** | **361,225,072** | **149.7** | **85.8** | **27.5** |
| Трошоци за вработени | 173,515,523 | 33.2 | 659,100,000 | 49.5 | 173,066,556 | 71.7 | 99.7 | 26.3 |
| Патни и транспортни трошоци | 2,154,793 | 0.4 | 11,750,000 | 0.9 | 3,146,763 | 1.3 | 146.0 | 26.8 |
| Заеднички трошоци | 40,668,288 | 7.8 | 157,240,000 | 11.8 | 38,835,846 | 16.1 | 95.5 | 24.7 |
| Програмски права | 186,481,368 | 35.7 | 403,726,000 | 30.3 | 134,464,720 | 55.7 | 72.1 | 33.3 |
| Останати трошоци од работење | 18,411,461 | 3.5 | 82,920,000 | 6.2 | 11,711,187 | 4.9 | 63.6 | 14.1 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **101,497,707** | | | | **-119,911,883** | | | |

## ПРИХОДИ

Во периодот Октомври - Декември 2025 година во рамки на тековното работење на МРТ по сите основи реализирани се приходи во вкупен износ од 241.313.189 денари.

Основен извор на финансирање на работењето на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – од Министерството за дигитална трансформација. Во анализираниот период овој приход е остварен во износ од 235.465.998 денари или 97,6% од вкупно реализираниот приход во четвртиот квартал од 2025 година. Како што и погоре беше кажано, со Ребаланс на Буџетот на РСМ средствата за финансирање на радиодифузна дејност се намалени и наместо планираните 315.466.002 денари, погоре споменатиот износ кој го доби МРТ е понизок за 80.000.000 денари.

Останатите видови приходи кои се остварени во четвртиот квартал се следните:

Од услуги во странство (користење на коментаторски позиции, ISDN линии и слично) и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции) во анализираниот период остварени се приходи во вкупен износ од 748.140 денари.

По основ на закуп на деловен простор остварен е приход во износ од 67.417 денари, потоа остварувањето по основ на судски одлуки донесени во корист на МРТ изнесува 110.264 денари додека пак по основ на донации во опрема остварени се средства во износ од 305.587 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 2.894.135 денари а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години, отпишани обврски, наплатени отпишани побарувања по основ на РДТ и друго.

Како јавен радиодифузен сервис, МРТ секогаш настојува на своите гледачи да им ги направи достапни најновите и актуелни програмски содржини од најразлични области, ставајќи акцент при тоа на откуп и емитување на најзначајните спортски настани од чие емитување остварува приход по основ на маркетинг/продажба на рекламно време а истиот, во текот на четвртиот квартал од 2025 година е остварен во износ од 1.721.648 денари.

***ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2025 ГОДИНА***

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.10-31.12.2024г. | Планирани приходи за 2025г. | Остварени приходи 01.10-31.12.2025г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура (кол.4) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност | 342,154,413 | 1,181,864,000 | 235,465,998 | 68.8 | 19.9 | 97.6 |
| Приход од Министерство за дигитална трансформација за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 97,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи по основ на финансирање на радиодифузна дејност - Вонсудска спогодба со Министерство за дигитална трансформација | 80,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Закупнини | 67,350 | 500,000 | 67,417 | 100.1 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 5,500,000 | 517,314 | 100.0 | 9.4 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги и сл.) | 549 | 4,000,000 | 230,826 | 42,044.8 | 5.8 | 0.1 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,наплатени отпишани побарувања од минати години и сл.) | 2,112,665 | 39,000,000 | 2,894,135 | 137.0 | 7.4 | 1.2 |
| Приходи од наплата на средства по основ на судски одлуки | 6,270 | 1,000,000 | 110,264 | 1,758.6 | 11.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 564,992 | 65,000,000 | 1,721,648 | 304.7 | 2.6 | 0.7 |
| Приходи од продажба на програма и други услуги, отстапени права и реемитување во земјата и странство, приходи од донации | 305,587 | 35,000,000 | 305,587 | 100.0 | 0.9 | 0.1 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **522,729,140** | **1,331,864,000** | **241,313,189** | **46.2** | **18.1** | **100.0** |

## ТРОШОЦИ - РАСХОДИ

Што се однесува пак на расходите во анализираниот квартал од 2025 година, тие бележат фактурирана реализација во рамки на планираните износи во сите групи на трошоци. Имено, во текот на периодот Октомври - Декември 2025 година во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 361.225.072 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10-31.10.2025 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.10-31.12.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 173,515,523 | 659,100,000 | 173,066,556 | 99.7 | 26.3 |
| Патни и транспортни трошоци | 2,154,793 | 11,750,000 | 3,146,763 | 146.0 | 26.8 |
| Заеднички трошоци | 40,668,288 | 157,240,000 | 38,835,846 | 95.5 | 24.7 |
| Програмски права | 186,481,368 | 403,726,000 | 134,464,720 | 72.1 | 33.3 |
| Останати трошоци од работење | 18,411,461 | 82,920,000 | 11,711,187 | 63.6 | 14.1 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **421,231,433** | **1,314,736,000** | **361,225,072** | **85.8** | **27.5** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 46,494 | 17,128,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **46,494** | **17,128,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **421,277,927** | **1,331,864,000** | **361,225,072** | **85.7** | **27.1** |

## *Трошоци за вработените*

Групата Трошоци за вработените во четвртото тримесечје од 2025 година бележи остварување во вкупен износ од 173.066.556 денари или 26,3% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои се пресметуваат согласно позитивните законски прописи што се на важност во РСМ и согласно Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените во МРТ а кои произлегуваат од работниот однос. Понатаму, во оваа група се вклучени и трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 18.442.740 денари чие пресметување е согласно движењето на просечна плата на ниво на држава и согласно Колективниот договор на МРТ на ЈРП МРТ. Дел од оваа група се и трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право на пензија и кои изнесуваат 1.000.146 денари, трошоците за јубилејни награди на вработените кои во МРТ оствариле работен стаж од 10, 20, 30 и 40 години во износ од 866.025 денари кои исто така се во согласност на Колективниот договор, како и трошоците за останати - други лични примања на вработените во износ од 631.989 денари, ставка која опфаќа надоместоци за вработените исплатени по разни основи како на пример дадена парична помош во случај на смрт на вработен во МРТ или на член на потесно семејство, парична помош при непрекинато боледување подолго од шест месеци, елементарна непогода. Просечната нето плата по работник за периодот 10 -12 месец 2025 година изнесува 56.488 денари.

***Патни и транспортни трошоци***

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 3.146.763 денари и истата е реализирана со 26,8% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2025 година за оваа намена.

Трошоците за патување на екипите на МРТ за реализирање на програмски цели во земјата, покрај известување за тековните дневни настани, се однесува и на присуството на екипите на МРТ при пренос и известување од разни настани од областа на спортот (фудбал, одбојка, ракомет, кошарка и слично), снимања потребни за разни емисии, преноси од прослави, одбележување на настани и слично. Од патувањата пак на екипите на МРТ надвор од земјата со цел реализација на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни жанрови и области или присуства на настани надвор од границите на државата, кои се реализирани во износ од 1.551.090 денари би ги издвоиле патувањата во: Мастрихт - гостување на балетот при МОБ во Холандија, Сараево – присуство на Регионална конференција за умрежување на бошњачките организации со акцент на женскиот активизам на Балканот на која ќе се обележи 30 години од Дејтонската спогодба со која е завршена војната во БиХ и осврт на состојбата на бошњаците во регионот три децении по него, Милано - присуство на Word Business Forum Milan 2025, Виена – гостување на НУ Филхармонија на РСМ, Софија - присуство на Public Broadcasting international организиран од Бугарското национално радио, Кардиф - известување и коментирање на квалификациски натпревар на нашата "А" Фудбалска селекција: Велс-Македонија, Женева - присуство на Генерално собрание на Европската радиодифузна унија, Истанбул – присуство на симпозиум организиран по повод празникот "8 декември" - денот на Свети Климент Охридски каде одговорниот Уредник на Програмскиот сервис МТВ 4 - програма на јазиците на етничките заедници (турски, ромски, влашки, српски и бошњачки)  ќе одржи говор на тема “Односите помеѓу Р. Турција и Р. Македонија” и кеде ќе учествуваат претставници од медиуми од двете земји, Гент - известување и коментирање од одржувањето на квалификацискиот натпревар на нашата А фудбалска селекција: Белгија-Македонија, Тбилиси - известање од одржувањето на Јуниорски Евросонг, Гент - известување за потребите на емисијата Македонија наутро, за дневно-информативната програма како и за потребите на културната програма - емисија Наш Подиум и подготовка на репортажа од празничната турнеја на националниот балет при МОБ, Анталија - снимање репортажа за Ривиера на Анталија, посета на гробот и црквата Св Никола, Стариот град, антички театар и друго.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ и тоа: Лондон - известување од посетата на Претседалот на Владата Христијан Мицкоски на самитот Берлински процес кој се одржува во Лондон, Тел Авив - следење и известување од средбите со претставници на властите на Израел, на покана на Владата и Министерството за надворешни работи на Израел и учество на меѓународни професионални симпозиуми за еврејската заедница и врските на земјава со Израел одржани во период од 04-12.12.2025 година, Брисел - Известување од Самит ЕУ-Западен Балкан на кој ќе учествува владина делегација предводена од Претседателот на Владата Христијан Мицковски, Ѓуешево - потпишување на Договор за подготовка, изградба и оперативност на меѓународниот железнички тунел на Коридор

8, Брисел - известување од работната посета на Заменик-Претседателот на владата и министер за транспорт Александар Николовски и слично.

## *Заеднички трошоци*

Во четвртиот квартал од 2025 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 38.835.846 денари а ги опфаќа следните видови трошоци:

- трошоци за суровини и материјали како електричен, технички материјал и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 323.881 денар,
- трошоци за останати материјали како канцелариски материјал, материјали за возен парк, заштитна облека и обувки со вкупна реализација од 171.405 денари,
- трошоци за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен остварен износ од 12.172.605 денари.
- ситен инвентар и автогуми во износ од 117.419 денари,
- трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги (фиксна и мобилна телефонија) и интернет во вкупен износ од 817.842 денари и трошоците за реализација на радио и ТВ преноси - аудио и видео линии во износ од 1.611.492 денари,
- остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за одржување и заштита во кои се вбројуваат трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во вкупен износ од 1.627.306 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.323.606 денари, трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 1.316.889 денари, како и трошоците за одржување на возилата на МРТ во износ од 137.539 денари и трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 249.852 денари,
- групата на комунални услуги – трошоци за вода, ѓубретарина, дератизација и слично е остварена во вкупен износ од 1.677.781 денар што е реализација во рамки на планираниот износ,
- за останати услуги од работењето, односно за објава на огласи и конкурси, заверка на пасоши, визи, регистрација на моторни возила како и за ПП заштита реализирани се трошоци во вкупен износ од 292.888 денари,
- за опремата за работа која се користи во МРТ пресметани се трошоци за амортизација на основни средства и истите изнесуваат 8.177.445 денари,
- трошоците за вредносно усогласување – обезвреднување на тековни и нетековни средства, градежни објекти и отпис на побарувања од купувачите бележат реализација во износ од 743.769 денари,
- трошоците за репрезентација се реализирани во износ од 388.332 денари,
- трошоците за осигурување на движен и недвижен имот во износ од 1.029.238 денари,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 105.625 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство,

- за надомест за членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се трошоци во износ од 3.458.263 денари и истите се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ,
- трошоците за даноци (данок на недвижности, данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 635.454 денари кое во најголем обем опфаќа платен данок на странски правни лица за откуп на права за емитување на спортски настани, филмови и серии кои во 2025 година беа емитувани на ТВ програмските сервиси на МТВ како и за останати видови соработка,
- трошоците за камати од работење и затезни камати и негативните курсни разлики изнесуваат вкупно 1.908.392 денари,
- трошоците за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра (надвор од постапка за јавна набавка) се реализирани во износ од 272.899 денари,
- дополнително утврдените расходи по основ на пристигнати фактури во анализираниот период а кои се однесуваат на минати години се остварени во износ од 183.741 денар.

***Програмски права***

Групата на трошоци за откуп на права за емитување на програма во периодот октомври-декември е остварена во вкупен износ од 134.464.720 денари што претставува 33,3% реализација на планираните средства за 2025 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани реализацијата на трошоци во анализираниот период изнесува 9.839.072 денари и истата се однесува на пристигнати фактури по основ на откуп на права за пренос и емитување на натпревари Светско првенство во ракомет.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 809.928 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација на права за емитување на лиценцирани вести од интернет.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 81.328.241 денар а опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на серијали од најразновидни жанрови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, спорт, детски емисии и слично, какви што се на пример како ТВ проекти со наслов Животна приказна, Агенда 35, Објектив, ТВ проекти со наслов 360 Степени, Приказна, Ток шоу Жиле (Т), ТВ серијал со наслов Кон височините - создавање на македонски ракометни, кошаркарски и одбојкарски ѕвезди, потоа серијал на албански јазик со наслов Авантури низ знаењето, емисии за деца на македонски и албански јазик како Се за деца, ТВ проект за деца Тинејџерски камп, ТВ проект со наслов Лесно, брзо, здраво на македонски јазик и на јазиците на националностите, ТВ серијал со наслов Црвенокорест како и ТВ проектите Трафика, Низ град со Кики, Книжевна одисеја и Македонската кинематографија и ѕвездите што ја обликуваа, ТВ проект Мајсторите на македонската уметност, Радио проект со наслов Домашна работа, новогодишна програма и слично.

Трошоците во износ од 42.487.479 денари се однесуваат на откуп на права за емитување на серии и филмови од најразлични жанрови за повозрасните групи на гледачи но и на детски анимирани серии наменети за најмладата популација.

### *Останати трошоци од работење*

Оваа група на трошоци бележи вкупна реализација по пристигнати фактури во износ од 11.711.187 денари. Истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 6.233.752 денари, трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 165.617 денари, потоа трошоците за технички услуги во износ од 200.307 денари, трошоците за учество на јуниорски Евросонг во износ од 1.135.796 денари како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 3.926.143 денари.

### *Инвестиции*

Во делот на планираните инвестиции во нова опрема и други инвестиции, со Годишниот финансиски план на МРТ за 2025 година  планирани се 17.128.000 денари но, во четвртиот квартал од годината нема фактурирана реализација за започнатите постапки за јавни набавки.

***АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ  ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2025 ГОДИНА***

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.10-31.12.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработени | 152,611,134 | 630,000,000 | 152,104,652 | 99.7 | 24.1 |
| Регрес за годишен одмор | 17,776,325 | 18,450,000 | 18,442,740 | 103.7 | 100.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 496,736 | 3,000,000 | 1,000,146 | 201.3 | 33.3 |
| Други лични примања -останати видови надоместоци и помош на вработени | 335,603 | 1,700,000 | 631,989 | 188.3 | 37.2 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 1,874,391 | 5,000,000 | 866,025 | 46.2 | 17.3 |
| Трошоци за здравствени услуги | 116,654 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 304,680 | 300,000 | 21,004 | 6.9 | 7.0 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **173,515,523** | **659,100,000** | **173,066,556** | **99.7** | **26.3** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 313,602 | 4,000,000 | 1,150,008 | 366.7 | 28.8 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 1,579,750 | 4,500,000 | 1,551,090 | 98.2 | 34.5 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 200 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 91,188 | 2,500,000 | 277,409 | 304.2 | 11.1 |
| Сопствено возило за службени потреби | 139,394 | 150,000 | 92,692 | 66.5 | 61.8 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 24,176 | 250,000 | 72,758 | 301.0 | 29.1 |
| **Вкупно 2** | **2,148,310** | **11,500,000** | **3,143,957** | **146.3** | **27.3** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 6,483 | 250,000 | 2,806 | 43.3 | 1.1 |
| **Вкупно 3** | **6,483** | **250,000** | **2,806** | **43.3** | **1.1** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **2,154,793** | **11,750,000** | **3,146,763** | **146.0** | **26.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.10-31.12.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 31,252 | 1,400,000 | 226,183 | 723.7 | 16.2 |
| Технички материјал | 20,367 | 1,400,000 | 96,990 | 476.2 | 6.9 |
| Сценографски материјали, реквизита и слично | 0 | 550,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 74,345 | 300,000 | 708 | 1.0 | 0.2 |
| **Вкупно 4** | **125,964** | **3,750,000** | **323,881** | **257.1** | **8.6** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 258,725 | 1,000,000 | 156,409 | 60.5 | 15.6 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 0 | 250,000 | 14,996 | 0.0 | 6.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **258,725** | **1,500,000** | **171,405** | **66.2** | **11.4** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 7,138,647 | 29,000,000 | 5,825,953 | 81.6 | 20.1 |
| Трошоци за топлотна енергија | 4,672,748 | 16,000,000 | 5,608,731 | 120.0 | 35.1 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 461,915 | 2,500,000 | 737,921 | 159.8 | 29.5 |
| **Вкупно 6** | **12,273,310** | **47,500,000** | **12,172,605** | **99.2** | **25.6** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 264,584 | 1,500,000 | 117,419 | 44.4 | 7.8 |
| **Вкупно 7** | **264,584** | **1,500,000** | **117,419** | **44.4** | **7.8** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 156,355 | 600,000 | 99,064 | 63.4 | 16.5 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 666,186 | 2,400,000 | 476,474 | 71.5 | 19.9 |
| Трошоци за интернет | 197,142 | 1,000,000 | 226,825 | 115.1 | 22.7 |
| Поштарина | 23,474 | 180,000 | 15,479 | 65.9 | 8.6 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 1,282,656 | 3,500,000 | 1,611,492 | 125.6 | 46.0 |
| **Вкупно 8** | **2,325,813** | **7,680,000** | **2,429,334** | **104.5** | **31.6** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,287,498 | 5,200,000 | 1,323,606 | 102.8 | 25.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 884,177 | 5,200,000 | 877,882 | 99.3 | 16.9 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 0 | 3,300,000 | 749,424 | 0.0 | 22.7 |
| Одржување на возила | 44,681 | 2,500,000 | 137,539 | 307.8 | 5.5 |
| Одржување на алат, ситен инвентар, ГПС уреди | 8,326 | 150,000 | 22,392 | 268.9 | 14.9 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 250,162 | 1,000,000 | 249,852 | 99.9 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,088,178 | 4,400,000 | 1,316,889 | 121.0 | 29.9 |
| **Вкупно 9** | **3,563,022** | **21,750,000** | **4,677,584** | **131.3** | **21.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.10-31.12.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,104 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 128,532 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 205,675 | 1,000,000 | 207,992 | 101.1 | 20.8 |
| Трошоци за вода | 1,458,489 | 5,000,000 | 1,469,789 | 100.8 | 29.4 |
| **Вкупно 10** | **1,793,800** | **6,530,000** | **1,677,781** | **93.5** | **25.7** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 70,622 | 0.0 | 70.6 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 40,516 | 600,000 | 49,488 | 122.1 | 8.2 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и друго | 33,125 | 400,000 | 38,531 | 116.3 | 9.6 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 134,247 | 0.0 | 38.4 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **73,641** | **1,550,000** | **292,888** | **397.7** | **18.9** |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 8,187,715 | 32,550,000 | 8,177,445 | 99.9 | 25.1 |
| **Вкупно 12** | **8,187,715** | **32,550,000** | **8,177,445** | **99.9** | **25.1** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 0 | 200,000 | 743,769 | 0.0 | 371.9 |
| **Вкупно 13** | **0** | **200,000** | **743,769** | **0.0** | **371.9** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 355,735 | 900,000 | 388,332 | 109.2 | 43.1 |
| **Вкупно 14** | **355,735** | **1,050,000** | **388,332** | **109.2** | **37.0** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 10,348 | 2,500,000 | 1,029,238 | 9,946.3 | 41.2 |
| **Вкупно 15** | **10,348** | **2,500,000** | **1,029,238** | **9,946.3** | **41.2** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 179,871 | 640,000 | 105,625 | 58.7 | 16.5 |
| **Вкупно 16** | **179,871** | **650,000** | **105,625** | **58.7** | **16.3** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **450,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.10-31.12.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и Надзорен одбор и Програмски совет*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 3,040,471 | 10,000,000 | 3,458,263 | 113.7 | 34.6 |
| **Вкупно 18** | **3,040,471** | **10,000,000** | **3,458,263** | **113.7** | **34.6** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 2,975,290 | 7,000,000 | 635,454 | 21.4 | 9.1 |
| Судски трошоци и административни такси | 157,701 | 200,000 | 69,791 | 44.3 | 34.9 |
| **Вкупно 19** | **3,132,991** | **7,200,000** | **705,245** | **22.5** | **9.8** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 36,897 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **36,897** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 305,156 | 1,400,000 | 183,741 | 60.2 | 13.1 |
| **Вкупно 21** | **305,156** | **1,400,000** | **183,741** | **60.2** | **13.1** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 3,254,298 | 5,500,000 | 1,255,850 | 38.6 | 22.8 |
| **Вкупно 22** | **3,254,298** | **5,500,000** | **1,255,850** | **38.6** | **22.8** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,284,991 | 3,000,000 | 652,542 | 50.8 | 21.8 |
| **Вкупно 23** | **1,284,991** | **3,000,000** | **652,542** | **50.8** | **21.8** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 200,956 | 880,000 | 272,899 | 135.8 | 31.0 |
| **Вкупно 24** | **200,956** | **880,000** | **272,899** | **135.8** | **31.0** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **40,668,288** | **157,240,000** | **38,835,846** | **95.5** | **24.7** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 21,703,609 | 65,400,000 | 42,487,479 | 195.8 | 65.0 |
| Останати програмски права | 34,813,033 | 24,826,000 | 809,928 | 2.3 | 3.3 |
| Надомест за фестивали | 0 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 1,583,496 | 52,500,000 | 9,839,072 | 621.4 | 18.7 |
| Копродукциски проекти | 128,381,230 | 260,400,000 | 81,328,241 | 63.3 | 31.2 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **186,481,368** | **403,726,000** | **134,464,720** | **72.1** | **33.3** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 83,863 | 400,000 | 45,004 | 53.7 | 11.3 |
| Останати наемнини - ангажирање/наем на економски оператори за реализација на настан - Асамблеа/Собрание на ЕБУ | 0 | 4,750,000 | 0 | | 0.0 |
| **Вкупно 26** | **83,863** | **5,150,000** | **45,004** | **53.7** | **0.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.10-31.12.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 101,852 | 350,000 | 165,617 | 162.6 | 47.3 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 47,200 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 49,196 | 1,150,000 | 200,307 | 407.2 | 17.4 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 0 | 100,000 | 3,068 | 0.0 | 3.1 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 7,527,375 | 31,000,000 | 6,233,752 | 82.8 | 20.1 |
| Трошоци за проект Евровизија | 1,133,224 | 2,000,000 | 1,135,796 | 100.2 | 56.8 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за наем на сателитски сегмент | 6,375 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **8,865,222** | **36,050,000** | **7,738,540** | **87.3** | **21.5** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 3,912,280 | 17,500,000 | 3,926,143 | 100.4 | 22.4 |
| Котизации и акредитации | 91,692 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 5,456,904 | 18,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 5,900,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **9,460,876** | **41,700,000** | **3,926,143** | **41.5** | **9.4** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 1,500 | 20,000 | 1,500 | 100.0 | 7.5 |
| **Вкупно 29** | **1,500** | **20,000** | **1,500** | **100.0** | **7.5** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **18,411,461** | **82,920,000** | **11,711,187** | **63.6** | **14.1** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **421,231,433** | **1,314,736,000** | **361,225,072** | **85.8** | **27.5** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 46,494 | 17,128,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **46,494** | **17,128,000** | **0** | 0.0 | 0.0 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **421,277,927** | **1,331,864,000** | **361,225,072** | **85.7** | **27.1** |

## *Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2025г.*

***Состојбата на расположливи финансиски средства во денари на жиро сметките на ЈРП МРТ на 31.12.2025 година изнесува:***

- Комерцијална банка 192.852,00 ден.
- Халк банка 2.018.423,00 ден.
- Стопанска банка 83.617,00 ден.
- Тутунска банка 759.042,00 ден.
- Шпаркасе банка 41.012,00 ден.
- Алфа бакна (Силк роад) 26.557,00 ден.
- Прокредит банка 119.822,00 ден.

**Вкупно на сметки 3.241.325,00 ден.**

***Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2025 година изнесува:***

- Комерцијална банка 3.412 АУД
  168 ДКК
- Прокредит банка 4.008 ЕУР
- Стопанска банка 121 УСД

## *СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА*

### *РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2025 ГОДИНА*

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 31.12.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,044,752,299 | 2,040,354,381 | 99.8 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 44,275,442 | 36,569,385 | 82.6 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,070,466,945 | -2,065,569,859 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **18,560,796** | **11,353,907** | **61.2** |

## *Побарувања од купувачите во земјата*

| **ОПИС** | **Состојба на 31.12.2024** | **Состојба на 31.12.2025** | **Индекси** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4(3/2)*100** |
| - редовни побарувања | 2,020,285,659 | 2,017,455,814 | 99.9 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,466,640 | 22,898,567 | 93.6 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,033,549,054 | -2,030,197,647 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **11,203,245** | **10,156,734** | **90.7** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2025 година изнесуваат вкупно 10.156.734 денари и истите се однесуваат на следните видови услуги:

| **ОПИС** | **Состојба на 31.12.2024** | **Состојба на 31.12.2025** | **индекси** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4(3/2)*100** |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,011,809,452 | 2,008,524,281 | 99.8 |
| - радио и телевизиски реклами | 4,936,076 | 5,592,306 | 113.3 |
| - закуп на основни средства | 111,843 | 108,074 | 96.6 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,закуп и сл.) | 3,021,334 | 2,824,199 | 93.5 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 24,466,640 | 22,898,567 | 93.6 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,033,549,054 | -2,030,197,647 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **11,203,245** | **10,156,734** | **90.7** |

## *Побарувања од купувачите во странство*

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2025 година изнесуваат вкупно 1.197.173 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| **ОПИС** | **Состојба на 31.12.2024** | **Состојба на 31.12.2025** | **индекси** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4(3/2)*100** |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 33,268,528 | 31,718,541 | 95.3 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 540,073 | 100.0 |
| - технички услуги | 3,021,048 | 3,021,049 | 100.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,786 | 100.0 |
| - отстапени права | 6,951,309 | 788,263 | 11.3 |
| - фестивали во странство | 143,195 | 145,383 | 101.5 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 313,243 | 318,030 | 101.5 |
| - останати побарувања од странство | 21,260 | 21,260 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -36,917,891 | -35,372,212 | 95.8 |
| **Вкупно:** | **7,357,551** | **1,197,173** | **16.3** |

## *РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА*

| **ОПИС** | **состојба на 31.12.2024 год.** | **состојба на 31.12.2025 год.** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **479,517,314** | **422,856,678** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 187,518,255 | 230,834,840 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 74,181,869 | 73,134,061 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 1,307 | 423,602 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата,камати по истите | 23,309,342 | 18,555,100 |
| Обврски спрема вработените | 36,453,537 | 36,831,743 |
| Краткорочни обврски кон МФ (обврска кон Лондонски и Париски клуб на доверители создадена во 1984 година) | 143,163,078 | 47,198,448 |
| Останати краткорочни обврски | 891,956 | 1,881,914 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 13,996,970 |
| Резервирања по основ на судски спорови (камата и главен долг) | 1,000 | 0 |
| **Долгорочни обврски** | **109,822,285** | **266,029,713** |
| Долгорочни обврски кон МФ (обврска кон Лондонски и Париски клуб на доверители создадена во 1984 година) | 0 | 169,127,708 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 109,822,285 | 96,902,005 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **589,339,599** | **688,886,391** |

Вкупните обврски на 31.12.2025 година изнесуваат 688.886.391 денар.

## *СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА*

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2025 година изнесува вкупно 587 лица.

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| состојба на | Д-р | М-р | ВСС | ВС | ССС | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2025 | 2 | 43 | 282 | 5 | 258 | 7 | 1 | 598 | |
| 31.12.2025 | 2 | 42 | 279 | 5 | 252 | 6 | 1 | 587 | -11 |
| структура 31.12.2025г.(%) | 0.3 | 7.2 | 47.5 | 0.9 | 42.9 | 1.0 | 0.2 | 100.0 | -1.8 |

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| состојба на | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | хрвати | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2025 | 394 | 147 | 23 | 17 | 6 | 6 | 4 | 1 | 0 | 598 | |
| 31.12.2025 | 386 | 144 | 23 | 17 | 6 | 6 | 4 | 1 | 0 | 587 | -11 |
| структура 31.12.2025г.(%) | 65.8 | 24.5 | 3.9 | 2.9 | 1.0 | 1.0 | 0.7 | 0.2 | 0.0 | 100.0 | -1.8 |

Во текот на четвртото тримесечје од 2025 година во ЈРП МРТ нема нови вработуваења.

Во истиот период во пензија се заминати 11 вработени и тоа: со ВСС двајца вработени на работно место Новинар 1, еден вработен Раководител на одделение, еден Стручен соработник, еден Уредник на програма и двајца Уредници на редакција.Со ССС во пензија се заминати еден Реализатор на програма, еден Техничар во ТВ/РА Продукција и двајца Техничари во Сектор за логистика.

Еден вработен, Новинар 1 со ВСС е вратен на работа по мирување на работно место поради вршење на државна функција.

Едно лице Техничар во ТВ/РА Продукција е починато.

Скопје, Март 2025 година

Директор на ЈРП МРТ

________________________

Марјан Цветковски